Останатите средства во висина од 12.391.421,00 се исплатени кон ЈКП Дервен за реализирани активности од Оперативната програма за одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Велес за 2025 година. Активностите беа насочени кон континуирано одржување на парковски зелени површини, одржување на рекреативен центар Езеро Младост, одржување на останато зеленило во градот, собирање на отпадоци од зелени површини, одржување на зеленило по потреба и во селата, одржување на висечки жардиниери, одржување на дрвореди, постапување со оштетени дрвја, одржување на системи за наводнување, набавка на средства за заштита и одржување на зелени површини по потреба.

59

# НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ
## за Програмите на Општина Велес за 2025 година
## од Одделението за јавни дејности

**Програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2025 година**

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2025 година беше донесена во транспарентна постапка, во две фази, како нацрт и предлог документ. Првично беа планирани 15.000.000,00 денари, а по измените Програмата беше проектирана на 18.312.000,00 денари. Годишната програма е реализирана со 17.084.013, 00 денари, средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година и има 93,3% реализација.

Годишната програма беше креирана со опфат на пет поглавја: Манифестации, Поддршка на проекти, Инвестиции, Поддршка на локални установи и Други расходи.

Најголемиот дел од Програмата е претставен во поглавјето Манифестации. Тука се поместени културните збиднувања од меѓународен, државен и локален карактер што ги реализира општинската администрација во партнерство со локалните установи од областа на културата- Локалната библиотека „Гоце Делчев“ и Народен музеј, НУЦК театар „ЈХК-Џинот“, Организациските одбори на дел од културните манифестации, граѓанските организации преку делегирана надлежност, бројни културни работници и поединци. Преку ова поглавје, содржински се интегрирани еднодневните настани и бројни комплексни манифестации кои во себе обединуваат повеќе уметности што се реализираат во времетраење од неколку дена. Такви се меѓународните фестивали, изложбите, Салонот на стрип, промоциите, така што бројката на културни настани е далеку поголема од она што е претставено преку табеларниот приказ во Програмата.

По пат на делегирана надлежност на граѓански организации се реализираа два фестивала од областа на театарската и музичката уметност- Фестивалот на комедија „5ре“ и „Фестивал на џез, ворлд и современа музика“, како и манифестацијата од областа на литературата „Детски Рацинови средби“.

Манифестацијата Интернационалниот фолклорен фестивал повторно ја реализираше Организациски одбор и се потврди со уште едно успешно издание.

Традиционално и во 2025 година се реализираше Мотособирот, манифестација од меѓународен карактер, која прераснува во бренд на градот, преку препознатливата хуманитарност на членовите на ЗГ „Носачи на крстот“.

Во 2025 година манифестацијата Велешко лето се реализираше во период јули-август и опфати серија настани за сите возрасни групи и за сите интересни групи на бројните љубители на културата, Беа организирани музички концерти на џез, забавна, народна и традиционална музика, кино на отворено, забавни игри, работилници, промоции на книги и настани со стенд-ап настапи.

Во рамки на Велешко лето се реализираше добро познатиот „Баскерфест“ со вклученост на бројни изведувачи од повеќе држави, а за првпат се организираше и Фестивалот „Стрит фуд фестивал“, на кој се преставија над десетина угостители. Фестивалот беше одлично прифатен, со огромна посетеност во Младинскиот парк.

Општина Велес преку манифестацијата Фестивал на пита и вино понуди бројни содржини и богата уметничка програма изведена од македонски и уметници од странство, а во пресрет на новогодишните празници се организираше неколкудневен зимски фестивал на отворено „Винтер фест“.

Преку Годишната програма за култура и меѓународна соработка за 2025 се обележаа бројни годишнини на значајни настани и личности, се оддаваше почит на вечните почивалишта на великаните и се положуваше цвеќе на паметниците на заслужните историски личности. Трошоците што произлегуваа од реализирањето на Програмата за обележување годишнини на значајни настани и личности за 2025 година се покриваа од поглавјето Манифестации, трошковно место: Одбележување на значајни настани и личности.

Општина Велес со бројни содржини во Младински парк го чествуваше и Свети Трифун, заштитникот на лозарите и градинарите, а неизоставно и во 2025 година, со празнична програма се организираше и чествувањето на патронот и заштитникот на градот Велес- Св.вмч.Пантелејмон.

Во чест на 9 Ноември, Денот на Општина Велес, се организираше традиционалното врачување на деветоноемвриските награди и признанија, наградата за животно дело „Гемиџии“ и наградата „Проф. д-р Ѓорги Шоптрајанов“ за најстудентот за 2025 година.

Годината се заокружи со свеченост на која се врачија наградите на најуспешните поединци потврдени во својата професионалност и најхуманистот на годината.

Бидејќи основната цел на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2025 година беше обезбедување на активен однос на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата, сочувување и афирмирање на културното наследство и идентитет на општината и презентирање и афирмирање на творците и интерпретаторите на културата, Општина Велес во реализирањето на програмата вклучи голем број граѓани, здруженија на граѓани и уметници од различни профили.

## Програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2025 година

Основни цели на Програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2025 година се:

- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието;
- Изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес;
- Планирање на развојот на образованието;
- Подобрување на условите за спроведување на образовниот процес;
- Создавање услови за развој на високото образование.

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2025 година беше донесена во транспарентна постапка како и во изминатите години, во две фази, како нацрт и предлог документ. Вкупно планираните средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година, заклучно со 31 декември изнесуваа 3.068.837,00, а потрошени се 2.246.179,00 денари и истата преку прегледот на бројките е заокружена со степен на реализација од 73,2 проценти.

Во точка 1 Активности, реализирани се 2.229.512,00 денари за најдобар наставник предметна настава, најдобар наставник во средно образование, најдобар ученик во основно образование и најдобар ученик во средно образование, за еднократна парична помош на првачиња од сите основни општински училишта, како и финансиска поддршка на ученици и ментори за освоено прво, второ или трето место/награда на државен, меѓународен или олимписки натпревар.

Во точка 2 Тековни работи, реализирани се 16.667,00 за непредвидени трошоци со кои е поддржано учество на меѓународен фестивал на ученичка и нејзиниот ментор.

Во точката Инвестиции предвидена е Реконструкција на фасадата на ССОУ„Димитрија Чуповски“ и фасадата и кровот на спортската сала на ССОУ„Димитрија Чуповски“, согласно развојната програма за одобрен проект од страна на Владата на Република Северна Македонија. Договорот за јавна набавка е потпишан во месец декември, а реализацијате ќе започне следната година.

Следејќи ги основните цели на програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2025 година - обезбедување активен однос кон задоволувањето на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието, процентот на потрошени средства не ја отсликува реалната слика на вложените средства во оваа област затоа што активностите во областа на образованието се многу поголеми од планираните. Ова се должи на реализирани проекти финансиски поддржани од Владата на Република Северна Македонија и бројни домашни и меѓународни асоцијации и фондации.

## Програма за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2025 година

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот за 2025 година беше донесена во транспарентна постапка, во две фази, како нацрт и предлог документ.

Вкупно планираните средства за 2025 година изнесуваа 9.270.000,00 денари.

По измените во Програмата беа предвидени финансиски средства во износ од 13.462.335,00 денари.

**Програмата од областа на спортот е составена од четири дела:**

I Спортски манифестации,
II Поддршка на спортски сојузи,
III Поддршка на спортот во градот и
IV Инвестиции,

**Образложение за делот I, Спортски манифестации:**

Во потточката „Поддршка на спортски турнири и натпревари”, Општина Велес издвои финансиска поддршка во износ од 346.000,00 денари, финансиски средства со кои беа поддржани поединци и спортски здруженија и клубови кои учествуваа и/или организираа спортски активности во спортовите пинг понг, мал фудбал, тенис и пеливанство и истите беа во целост реализирани.

Истите се реализираа на следниот начин:

| бр | Барател / Спортски клуб / Здружение на граѓани | Активност / Настан | Финансиски средства |
|---|---|---|---|
| 1 | Здружение Пингпонгарски клуб „Борец - тим”, Велес | Учество на традиционален пингпонгарски турнир „Кире Велков” во Струмица | 6.000,00 |
| 2 | Месна заедница Мамутчево | Организација на турнир во мал фудбал, по повод верскиот празник Св. Тројца, с. Мамутчево | 30.000,00 |
| 3 | Здружение пингпонгарски клуб „Борец-тим”, Велес | Учество на меѓународен натпревар во Алегро, Италија | 20.000,00 |
| 4 | Тениски клуб „Борец”, Велес | Организација на турнири во тенис согласно календарот на Македонската Тениска Федерација | 40.000,00 |
| 5 | Пеливански клуб „Пеливан”, Велес | Организација на меморијален пеливански турнир „Сафер Салиу”, во населено место Бузалково, Велес 2025 | 100.000,00 |
| 6 | ЗГ „Плус публика”, Велес | Организација на фудбалски турнир за деца | 150.000,00 |

Во ставката „Поддршка на активности на Железничко спортско друштво Боречки клуб ‘Борец’, Велес за организирање на меѓународен меморијален турнир во борење за јуниори и пионери ‘Коцев Љубомир – Листон 2025’”, Општина Велес обезбеди финансиска поддршка во висина од 50.000,00 денари за организирање на овој меѓународен меморијален турнир во борење за јуниори и пионери во организација на Железничко спортско друштво Боречки клуб „Борец”, Велес и истите беа во целост реализирани.

За организирање на фудбалски турнир во рамки на одбележување на 9 јуни, Света Троица, во с. Иванковци, а во организација на Месната заедница, Општина Велес обезбеди финансиска поддршка во висина од 30.000,00 денари и истите беа во целост реализирани.

Во ставката за поддршка во организирање и реализација на Велешки Спортски игри 2025, а во организација на Спортско здружение „Спортски игри”, од Велес, Општина Велес обезбеди финансиска поддршка во висина од 450.000,00 денари и истите беа во целост реализирани.

Општина Велес обезбеди финансиска поддршка во висина од 30.000,00 денари наменета за поддршка на активности на Здружението на рекреативни риболовци и спортски клуб „Металург”, Велес за организација на Меѓународниот куп во јадица на пливка „Цветници” 2025 и истите беа во целост реализирани.

Меѓународната велосипедска трка „Трофеј" 2025, беше организирана од страна на Младински велосипедски клуб „Велес”, Велес, за што Општина Велес обезбеди финансиска поддршка во висина од 60.000,00 денари.

Општина Велес обезбеди финансиска поддршка во висина од 60.000,00 денари за поддршка на активности на Тенискиот клуб „Борец“, Велес за организација на Отворено првенство на Македонија во тенис „Велес опен 2025”.

За организирање на традиционалната спортска манифестација Вардарска регата „Гемиџии” 2025 година, Општина Велес обезбеди финансиска поддршка во висина од 200.000,00 денари. Средствата беа трансферирани на сметката на Здружението на граѓани Извиднички одред „Димитар Влахов” од Велес кои беа организатори на Вардарската регата и оваа година и истите беа во целост реализирани.

Во организација на Здружението на граѓани Атлетски клуб „Борец” од Велес, беше организирана атлетска трка, насловена „Трчаме за Рацин” 2025, за што Општина Велес обезбеди финансиска поддршка во износ од 400.000,00 денари. Средствата беа трансферирани на сметката на Здружението и истите беа во целост реализирани.

На крајот на годината, во организација на Сојузот на спортови на Велес, се одржа традиционалната спортска манифестација „Избор на најдобар спортист и спортска екипа за 2025 година”, за што Општина Велес издвои финансиска поддршка во износ од 150.000,00 денари.

Првите две трки од државниот шампионат на Македонија во Ендуро за 2025 година и оваа година се одржаа во Велес, во организација на ЗГ Мото клуб „Мото Велес”, за што Општина Велес обезбеди финансиска поддршка во висина од 50.000,00 денари.

По повод 9 Ноември, Денот на ослободувањето на Велес, а во организација на Здружението на спортски ветерани од Велес, беше одржан турнир на ракометни ветерани „Велес 2025”, за што Општина Велес обезбеди финансиска поддршка во висина од 50.000,00 денари.

Оваа година во Велес се одржа Европскиот куп во кајак на диви води во спуст, во организација на Кајак кану клуб „Арка Борец”, Велес, за што Општина Велес од општинскиот буџет обезбеди финансиска поддршка во висина од 100.000,00 денари.

За поддршка на спортското здружение „Спортски игри”, од Велес, за организација на меморијален турнир во тенис „Трајче Црвенпанов - Црвен” 2025, Општина Велес обезбеди финансика поддршка во износ од 50.000,00 денари.

Додека пак за организација на меморијален турнир во мал фудбал во чест на Гоце Коцевски, во населба Превалец, Велес, а во организација на Месната заедница, Општина Велес од општинскиот буџет обезбеди финансика поддршка во износ од 50.000,00 денари, исто колку и за поддршка на Месната заедница во с. Горно Оризари за организација на турнир во мал фудбал во с. Горно Оризари, Велес. Истите беа во целост реализирани.

**Образложение за делот II, Поддршка на спортски сојузи:**

Општина Велес континуирано обезбедува поддршка и за активностите на спортските сојузи.

Во текот на 2025 година, финансиска поддршка во висина од 280.000,00 денари беше обезбедена за поддршка на активностите на Сојузот на училишен спорт, додека пак 300.000,00 денари беа обезбедени за поддршка на активностите на Општинскиот фудбалски сојуз.

Општина Велес обезбеди финансиска поддршка во висина од 60.000,00 денари, кои во целост беа реализирани од страна на Сојузот за спорт и рекреација на инвалиди од Велес, за организирање и учество на спортски натпревари и првенства според претходно утврден календар за 2025 година.

**Образложение за делот III, Поддршка на спортот во градот:**

Во ставката „Поддршка на квалитетен спорт - надомест за користење на спортски објекти”, Општина Велес обезбеди финансиска поддршка за спортските клубови во вкупен износ од 1.870.000,00 денари, од кои беа реализирани 1.770.000,00 денари.

Додека пак во ставката „Поддршка на младински екипи - надомест за користење на спортски објекти”, беа обезбедени финансиски средства во износ од 480.000,00 денари, од кои беа реализирани 455.000,00 денари.

Од овој дел на Програмата, финансиски средства во износ од 600.000,00 денари се издвоени за поддршка на Градскиот одбојкарски клуб „Борец".

Финансиски средства во износ од 600.000,00 денари беа предвидени и обезбедени за поддршка на активностите на Кошаркарскиот клуб „Борец - Баскет".

Во првичното планирање во Програмата за поддршка на активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2025 година, за поддршка на активности на Ракометниот

клуб „Фруит ленд - Борец", Општина Велес обезбеди финасиска поддршка во висина од 600.000,00 денари, од кои беше исплатена првата половина, односно 300.000,00 денари, но поради тоа што клубот не успеа да го задржи својот статус и е исклучен од натпреварите во Супер лигата во ракомет во сениорска лига на Ракометната федерација на Македонија, втората половина од предвидената поддршка не беше трансферирана на сметката на клубот, за што Општина Велес се обрати и официјално до клубот со Барање да достават информација за актуелниот статус на клубот во рамки на Супер лигата. Бидејќи статусот на клубот не беше променет во рамки на Супер лигата, втората половина од финансиската поддршка не беше префрлена на сметката на клубот, финансиски средства коишто со измената на Програмата беа пренаменети.

За поддршка на активностите на ФК „Борец" 1919 АД, Велес, од општинскиот буџет, Општина Велес обезбеди финансиска поддршка во висина од 900.000,00 денари.

Додека пак за поддршка во реализацијата на тековните активности во 2025 година на Женскиот Фудбалски Клуб „Борец", Општина Велес обезбеди финансиски средства во висина од 300.000,00 денари.

За поддршка на активностите на Одбојкарски клуб „Борец ветерани", Велес, Општина Велес обезбеди финансиски средства во висина од 50.000,00 денари.

Во ставката за „Поддршка на спортисти за учество на балкански, европски и светски првенства и олимписки игри", Општина Велес обезбеди финансиски средства во висина од 250.000,00 денари, од кои беа реализирани средства во висина од 198.888,00 денари. Со овие средства беа поддржани и помогнати спортисти-поединци и спортски клубови и здруженија за учество на меѓународни првенства, натпревари и купови во кајак, атлетика и карате, одржани во Германија, Грција, Црна Гора, Хрватска и Полска, како и учество во високогорско искачување на највисокиот вулкан во светот, врвот Охос дел Саладо, во Чиле, Јужна Америка.

Во ставката „Поддршка и тековно одржување на спортска сала 'Гемиџии'", Општина Велес обезбеди финансиска поддршка во висина од 1.500.000,00 денари кои беа трансферирани на сметката на ЈП „Парк-спорт и паркинзи", Велес.

**Образложение за делот IV, Инвестиции:**

Во овој беа предвидени финансиски средства во висина од 4.082.335,00 денари, наменети за инвеститиции во областа на спортот, конкретно за реконструкција на спортската сала „Гемиџии" во Велес согласно развојната програма за одобрен проект од страна на Владата на Република Северна Македонија. Договорот за јавна набавка е потпишан во месец декември, а реализацијате ќе започне следната година.

Вкупната реализација на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2025 година изнесува 9.364.331,00 денари или процентот на реализаија е 69,56.

## Програма за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита за 2025 година

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита за 2025 година, димензионирана на 2.900.000,00 денари. Програмата донесена е во транспарентна постапка во две фази, како нацрт и предлог документ. По измената програмата изнесуваше 3.340.000,00 денари. Средствата во програмата се распределени на: Социјална поддршка на заедницата, Социјални услуги, Општина по мерка на детето, Соработка со институции и НВО и Активности за Родова еднаквост.Програмата за социјална заштита опфаќа ранливи категори со цел да им се подобри квалитетот на живот и да се овозможи социјална сигурност и инклузивност.

Во делот на Социјална поддршка на заедницата реализација има по следните ставки: Финансиска помош на членови на социјално загрозени семејства реализирана е во висина од 1.953.468,00 денари исплатени на 342 лица. Барања за парична помош ги разгледува Комисија за доделување средства од Буџетот на Општина Велес, по Програма за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита, водејќи се од

Правилникот за право на користење, начинот и висината на доделување на еднократна парична помош („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/23).

За еднократната парична помош за новороденче исплатени се 546.945,00 денари за 178 барања.

Во 2025 година за „Партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, за самохрани родители кои се корисници на гарантирана минимална помош чии деца се згрижени во јавна установа за деца – детска градинка.(Согласно Законот за заштита на децата)“ реализирани се 28.918,00,00.

Општина Велес како одговорен субјект во целост ги спроведува законските одредби и постапува согласно роковите и насоките за реализација на сите произлезени обврски за воспоставување еднакви можности и еднаков третман на жените и мажите во сите сфери на општественото живеење во Општина Велес. Во континуитет ги следи сите актуелни состојби, законски измени и дополнувања, иницира акции и ги имплементира работните обврски за родова рамноправност со сопствени средства од буџетот на општината. Поддржува активности и ја инкорпорира родовата рамноправност преку реализација на активности за еднакви можности. Организација на жени – Велес, во рамките на кампањата 16 дена активизам – борба против семејно насилство реализирани се повеќе активности, со финансиска поддршка во висина од 50.000,00 денари.

Финансиска поддршка во висина од 50.000,00 денари, е исплатена на Сервисот за психо-социјална поддршка на лица жртви на семејно насилство.

Приоритет и во 2025 година е одржување на адаптираното возило за инвалидни лица на Меѓуопштинско здружение на лица со телесен инвалидитет МОБИЛНОСТ – Велес, во возна состојба. Адаптираното возило е донација од Дрекслмајер, на ЗГ „Мобилност“ а истото го користат сите здруженија на инвалидни лица во локалната заедница издвоени се 50.000,00 денари.

За имплементација на активности со ОО на Црвен крст Велес, реализирани се 50.000,00 денари. Согласно, склучен Меморандуми за соработка помеѓу ОО Црвен крст Велес и Општина Велес (архивски број 03-106/1 од 01.11.2012 година).

На здружение на слепи лица Велес, исплатени се финансиски средства во висина од 50.000,00 денари за печатење на книги на брајово писмо.

Предвидените финансиски средства за ставката „Социјални услуги“ се во целост реализирани за поддршка на испорака на услуги и тоа: 50.000,00 денари за услугата „Помош и нега на стари лица во домашни услови“, 50.000,00 денари за услугата „Лична асистенција на лица со ограничена мобилност“ и 100.000,00 денари за услугата „Живеење со поддршка (мал групен дом, 10-лица)“

Врз основа на склучен договор помеѓу Општина Велес, Агенција за вработување на РСМ и УНДП се имплементираат проектни активности (образовен асистент) преку Програмата „Општинско - корисна работа“ која е дел од поголемиот проект за оддржливи вработувања и се спроведува во соработка со средните општински училишта врз основа на потпишан Меморандум за соработка. образовни асистенти на ученици со посебни образовни потреби кои даваат поддршка на ученици со посебни образовни потреби во текот на наставниот процес, за полесно и подобро совладување на наставната програма. Во 2025 година Општина Велес учествува со кофинансирање во висина од 55.000,00 денари.

Во 2025 година процентот на реализација на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита изнесува 91,12 % или 3.034.331,00 денари.

Во финансиската картица недостасуваат податоци за потрошени средства од точка 3 Општина по мерка на детето.

**<u>Програма за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита во 2025 година</u>**

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита за 2025 година, е димензионирана на 6.425.000,00 денари, донесена е во транспарентна постапка во две фази, како нацрт и предлог документ. Во текот на календарската година

програмата имаше измена и програмата изнесуваше 6.881.000,00 денари.

Средствата во програмата се распределени на: Општи мерки за заштита на населението од заразни болести; Имплементација на активности со институции, НВО и Бездомни животни.

Како општи мерки за заштита на населението од заразни болести согласно законските прописи преземени се следните мерки: Дератизација, дезинсекција и дезинфекција на јавни површини и јавни објекти во надлежност на општината, Ларвицидно третирање и Третирање против возрасна форма на комарци.

Дератизација, дезинсекција и дезинфекција на јавни површини и јавни објекти во надлежност на општината се спроведува два пати во годината, (пролетна и есенска) и комплетно е реализирана и потрошени се 389.968,00 денари.

Со третирањето опфатена е површина од 150.000 м2, односно сите јавни површини во градот како и двата брега на реката Вардар, од Башино село до компанијата Агриа. Активностите ги реализираше ЈЗУ Центар за јавно здравје Велес.

Превентивна дезинсекција е комплетно реализирана и тоа две ларвицидни третирања и три аеросолни дезинсекции.

За ларвицидно третирање исплатени се 84.000,00 денари. По спроведена постапка за извршување на овие активностите избран е операторо и согласно Елаборатот изработен од страна на Центарот за јавно здравје Велес, третирани се следните локации: Езеро Младост, с.Отовица, месност Јарбош, по течението на Вардар од Градскиот парк до делот на УЗ „Димче Мирчев“ па сé до реонот на „Долни Дуќани“.

За третирање против возрасна на комарци исплатени се 2.499.999,00 денари. Со третирањето опфатена е површина од 2000 хектари. Третирани се: езеро Младост, с.Отовица, месност Јарбош, по течението на Вардар од север од с.Башино Село низ Велес, се до вливот на реката Бабуна и с.Горно Караслари. На запад границата започнува од населбата Превалец, преку населбата Керамидна кон фабриката „Киро Ќучук“ и с.Горно Оризари.

Со третирањето опфатено е целото градско и приградско подрачје, како и целото течение на реката Вардар на овој потег.

Советот за јавно здравје за унапредување на здравјето на граѓаните во локалната заедница спроведе повеќе активностите кои се состојат во организирање на предавања, едукативни работилници, поддршка на кампањи и др.

За климатска рехабилитација потрошени се 100.000,00 денари, активноста се реализира во соработка со Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености и Друштвото на родители за грижа за здраво поколение.

За контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Велес, согласно обврските што произлегуваат од член 28, став 3 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ“ бр.149/14, 149/15 и 53/16), општината има реализирано 3.150.000 денари за Оперативен трошок за функционирање на регионалниот центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство во ВПР(јануари-декември) и 536.116,00 денари за заловување и стручен третман на кучиња. Заловените кучиња клинички се прегледани, направен тест за социјализација, здравите бездомни кучиња стерилизирани односно извршена е овариохистеректомија и орхиектомија, извршено лабараториско испитување на заразни болести согласно прописите од областа на ветеринарното законодавство, вклучувајќи испитување од болеста лајшманиоаза, вакцинирани се против беснило, обележани се со микрочип и ушна марка. По целокупниот третман кучињата се вратени на местото на заловувањето согласно законските прописи

Реализирани финансиски средства од програмата за здравствена заштита се 6.781.683,00 денари или 98,56 %.

**Програма за активностите**
**на Општина Велес за поддршка на младите во 2025 година**

Општина Велес на транспарентен начин, во две фази, како нацрт и предлог документ ја донесе Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на младите во 2025 година, во која предвиде финансиски средства во износ од 550.000,00 денари.

Во текот на календарската година Програмата претрпе една измена и согласно измената на програмата беа предвидени финансиски средства во износ од 450.000,00 денари.

**Програмата за поддршка на младите е составена од еден дел:**
I Активности, со вкупно предвидени 450.000,00 денари.

**Образложение за делот I Активности:**
Делот „Активности" е составен од две потточки „Поддршка на активности на Локален младински совет на Општина Велес" и „Поддршка на активности на Младински центар во Велес".

Општина Велес во областа млади во текот на календарската 2025 година, отпочна и успешно заврши неколку процеси кои произлегуваат како законски обврски од Законот за младинско учество и младински политики, а со тоа оствари бројни активности кои овозможуваат поддршка, подобрување и зајакнување на целокупното делување во областа на младите на локално ниво.

Согласно законските одредби кои произлегуваат од Законот за младинско учество и младински политики, а по завршувањето на мандадот на претходниот, Општина Велес спроведе процес за формирање на Локален младински совет на Општина Велес (ЛМС Велес), кој претставува советодавно и претставничко тело на локалната самоуправа сочинето од претставници на различните форми на организирање и здружување на млади во Општина Велес, кое има советодавна и застапувачка улога за прашањата од младински интерес кон локалната самоуправа. Процесот беше започнат со формирање на Иницијативен одбор, за што Општина Велес преку Јавен повик (линк од објава: https://veles.gov.mk/formiranje-inicijativen-odbor/) ги повика различните форми на здружување и организирање на млади да пријават свои кандидати кои станаа членови на Иницијативниот одбор, кои пак распишаа Јавен повик за членови на Локалното собрание на млади на Општина Велес (линк од објава: https://veles.gov.mk/lokalno-sobranie-na-mladi/). Врз основа на Деловникот за работа на Локалното собрание на млади на Општина Велес, а согласно Прирачникот за Локални младински совети, Собранието ја започна својата работа со одржување на конститутивна седница. Собранието распиша Јавен повик за избор на членови на Локален младински совет на Општина Велес (линк од објава: https://veles.gov.mk/lokalen-mladinski-sovet/), а целокупната постапка до избор ја следеше Комисијата за верификација и следење на процесот на формирање на Локален младински совет на Општина Велес. По разгледувањето и административната проверка на пристигнатите пријави за номинирање на лица за членови во Локалниот младински совет по објавен Јавен повик, Комисијата состави Записник во кој се евидентираа избраните членови на ЛМС од страна на Собранието. По ова, Собранието донесе Одлука за избор на членови на Локален младински совет на Општина Велес, која потоа беше доставена и до Советот на Општина Велес со цел верификација на мандатите на членовите на Локалниот младински совет на Општина Велес. Согласно член 16 од Законот за младинско учетсво и младински политики, бројот на членови на локалните младински совети е непарен и не надминува повеќе од една третина од членовите на Советот на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје, но не може да биде помалку од пет лица, односно во случајот со Општина Велес, ЛМС Велес брои седум (7) членови. Во Локалниот младински совет членуваат претставници на младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други форми на младинско здружување со свои претставници (млади луѓе на возраст од 15 до 29 години). Членовите на Локалниот младински совет на Општина Велес се бираат со мандат од две (2) години, со право на уште еден (1) избор.

Во текот на календарската година, ЛМС Велес реализираше повеќе активности со цел активно вклучување на младите во процесот на донесување одлуки на локално ниво, за што како сведок служи подготвениот Извештај за работата на ЛМС Велес во 2025 година. Меѓудругото, ЛМС Велес е првиот Локален младински совет во државата кој за прв пат оствари директна соработка со меѓународни организации и институции, како што се Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА), а со поддршка на Агенцијата за млади и спорт (АМС), сега надлежан институција, Министерство за социјална политика, демографија и млади, оствари соработка и со Фондот за деца на Обединетите нации (УНИЦЕФ). Истовремено, ЛМС Велес, во првиот мандат од своето формирање, е првиот Локален младински совет во државата, кој со поддршка на Делегацијата на Европска унија и Европска куќа, оствари директна комуникација со амбасадата на Кралството Шведска, а тоа резултираше со остварување меѓународна соработка за поврзување со Локален младински совет од градот Харносанд, Кралство Шведска.

Овие соработки овозможија реализација на неколку проекти и иницијативи на локално, национално и меѓународно ниво.

Предвидените финансиски средства, во износ од 100.000,00 денари од оваа ставка беа наменети за изработка на Локална Стратегија за млади на Општина Велес со Акциски план, согласно законските одредби, за што беше спроведена јавна набавка, но бидејќи за истата немаше поднесено ниту една понуда, истата не се реализираше и предвидените финансиски средства не беа реализирани.

Во врска со втората потточка „Поддршка на активности на Младински центар во Велес" од оваа Програма, а согласно Законот за младинско учество и младински политики, Општина Велес преку Јавен повик (линк од објава: https://veles.gov.mk/mladinski-centar/) избра организација за млади, Фондација за локален развој и демократија „Фокус" од Велес, која во име на група организации заедно со партнер организацијата Извиднички одред „Димитар Влахов", Велес, раководи и управува со Младинскиот центар во Велес. За истото, Општина Велес и избраната организација потпишаа и Договор за управување со Младински центар во Велес, во временски период од три (3) години, кој е со важност заклучно со месец мај 2028 година.

За непречено функционирање и работење на Младинскиот центар, во оваа потточка, а согласно Договорот за управување со Младински центар во Велес, Општина Велес обезбеди финансиска поддршка во висина од 450.000,00 денари, која во целост беше исплатена кон избраната организација.

Процесот на отворање на Младински центар во Велес, во континуитет го следеше Агенцијата за млади и спорт (АМС) заедно со нивниот стратешки партнер и во координација со Сојузот за младинска работа (СМР), а со формирањето на Министерството за социјална политика, демографија и млади, процесот на работа на Младинскиот центар го следеше самото Министерство. Младинскиот центар во Велес оваа календарска година, на денот на неговото официјално отворање, 12 август, одбележа три години постоење, со што истовремено беше одбележан и меѓународниот Ден на младите. Младинскиот центар во Велес е сместен и функционира во просториите на Локалната библиотека „Гоце Делчев", Велес.

Во 2025 година од Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на младите во 2025 година, беа реализирани вкупно 450.000,00 денари што е 100% реализација.

**Програма за активностите на Општина Велес**
**за поддршка на граѓанскиот сектор во 2025 година**

Општина Велес во Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2025 година предвиде финансиски средства во вкупен износ од 1.390.000,00 денари. Програмата беше донесена во транспарентна постапка во две фази, како нацрт и предлог документ.

Во текот на календарската година Програмата имаше измена и согласно тоа во Програмата беа предвидени финансиски средства во износ од 1.540.000,00 денари.

**Програмата за поддршка на граѓанскиот сектор е составена од еден дел:**
I Активности, со вкупно предвидени 1.540.000,00 денари.

**Образложение за делот I, Активности:**

Во потточката „Учество во реализација на проекти со граѓански организации и поддршка на програмски активности" беа предвидени вкупно 300.000,00 денари, а беа реализирани 295.000,00 денари.

Од оваа ставка се поддржуваат проекти и проектни активности во организација и реализација на Здруженија на граѓани, регистритани согласно Законот за здруженија и фондации кои поднесуваат Барања до Општина Велес, за кои општината од оваа општа ставка, согласно Правилникот за утврдување на условите, критериумите, начинот и постапката за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес кои се определени во годишните Програми, издвојува финансиска поддршка соодветно и согласно нивните Барања.

Истите се реализираа на следниот начин:

| бр | Здружение на граѓани / Организација / Фондација | Активност / Настан | Финансиски средства |
|---|---|---|---|
| 1 | Здружение на глуви и наглуви Велес | Работилници за запознавање на ученици со Брајово писмо и гестовен јазик | 50.000,00 |
| 2 | Здружение на граѓани за доброволна работа „Велешки акцијаши", Велес | Реализација на проект „Едукација и анимација на млади акцијаши преку предавања и садење садници – пошумување и средување на патишта и објекти" | 60.000,00 |
| 3 | Планинарско друштво „Гемиџии '903", Велес | Реализација на планинарска тура од јавен карактер на релација с. Теово – Плевенски рид | 5.000,00 |
| 4 | Еколошка групација „Грин пауер", Велес | Организација на еднодневен Марш за Рацин 2025 година | 30.000,00 |
| 5 | Здружение за безбедност на вода и планина „Македонски спасител", Велес | Организација на показна вежба за спасување на брзи води и поплави при природни катастрофи | 30.000,00 |
| 6 | Здружение за заштита на човековите права на прогонетите од Егејскиот дел на Македонија „Ѕвезда", Велес | Чествување на загинатите борци од Егејскиот дел на Македонија и учество на традиционална погранична средба на Македонците, с. Трново, Битола | 30.000,00 |
| 7 | ЗГ „Разбој", Велес | Организација на етно работилници за популаризација на занаетчиството во рамки на проектот „Етно креативни работилници 2025" | 30.000,00 |
| 8 | Организација на жените на Општина Велес | Поддршка на активности во рамки на проектот „Интегрирање на родовите | 60.000,00 |

| бр | Здружение на граѓани / Организација / Фондација | Активност / Настан | Финансиски средства |
|---|---|---|---|
| | | аспекти во напорите за борба против корупцијата" | |

Во ставката за Поддршка на Друштво за музичко – сценска уметност Балетско студио „Анабела", Велес за Поддршка на активности и учество на домашни и меѓународни натпревари во модерни танци во 2025 година, беа предвидени финансиски средства во висина од 120.000,00 денари и истите во целост беа реализирани.

Во ставката за Поддршка на активности на Здружение за дејности од културата и уметноста „Арт Окарина", Велес, беа предвидени 180.000,00 денари и истите во целост беа реализирани.

За организација и реализација на 11. велосипедски outdoor festival „АЗОТ мтб предизвик 2025", во организација на ЗГ „Велес бајкинг", Велес, Општина Велес обезбеди финансиска поддршка во висина од 30.000,00 денари и истите беа во целост реализирани.

За организација на XXXIX средби на извидници 2025, во организација на Извиднички одред „Димитар Влахов", Велес, Општина Велес обезбеди финансиска поддршка во висина од 30.000,00 денари и истите беа во целост реализирани.

Во ставката за поддршка на Невладина организација „Пситрабол", Велес за организација на музички настан на река Бабуна, Општина Велес обезбеди финансиска поддршка во висина од 60.000,00 денари и истите беа во целост реализирани.

За реализација на 22. Меѓународен салон на стрип „Велес 2025" и 7. Меѓународна Стрип колонија „Велес 2025", во организација на Стрип центар на Македонија – Велес, Општина Велес обезбеди финансиска поддршка од 90.000,00 денари и истата во целост беше реализирана.

За Здружението на граѓани „Мовембер" за организација на настан за промоција на грижата за машкото здравје, Општина Велес од општинскиот буџет обезбеди финансиска поддршка во висина од 60.000,00 денари, која во целост беше реализирана.

Општина Велес обезбеди финансиска поддршка и за Здружението на граѓани „Акцијаш - Ветерани" за реализација на тековни активности во календарската 2025 година во висина од 60.000,00 денари и истите беа во целост реализирани.

Во рамки на Фестивалот на велешка пита и вино 2025, беше организирана рекреативна велосипедска тура „Велес мтб тоур 2025" во организација на ЗГ „Велес бајкинг" за што Општина Велес обезбеди финансика поддршка во висина од 100.000,00 денари и истите беа во целост реализирани.

За организирање на изложба на историски возила (олдтајмери) во рамки на содржините на манифестацијата Фестивал на велешка пита и вино „Питијада 2025", во организација на ЗГ „Кингс оф д стридс", Општина Велес обезбеди финансика поддршка во висина од 60.000,00 денари и истите беа во целост реализирани.

Во ставките за реализација на тековни активности во 2025 година на Ансамбл „Керамичар", КУД „Вила Зора" и КУД „Коле Неделковски", сите од Велес, Општина Велес од општинскиот буџет обезбеди финансика поддршка, поединечно за секој од нив во висина од по 100.000,00 денари и истите беа во целост реализирани.

Во ставката за поддршка на ЗГ „Мовембер", Велес, за организација на Стрит фуд фестивал 2025, Општина Велес обезбеди финансиска поддршка во висина од 150.000,00 денари и истите беа во целост реализирани.

Вкупната реализација на Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2025 година изнесува 1.535.000,00 денари или 99,68% реализација.

**<u>Годишен извештај –</u> ПРОГРАМА ЗА ПРОМОЦИЈА, КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ВО 2025 ГОДИНА**

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на промоцијата, комуникацијата со јавноста и меѓународната соработка во 2025 година беше донесена во транспарентна постапка, во две фази, како нацрт и предлог документ. Првично беа планирани 500.000,00 денари, а по двете направени измени Програмата беше проектирана на 400.000,00 денари. Годишната програма е реализирана со 69.825, 00 денари, средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година и има 17,5% реализација.

Годишната програма беше креирана во едно поглавје, поделено на шест точки. Во првата точка „ Изработка и печатење на промотивен материјал“ иако јавната набавка беше завршена пред истек на годината поради раното затварање на трезорот не се реализираше исплата.

Во втората точка „Набавка на промотивни сувенири и подароци“ беа набавени рачни изработки за промоција на Велес од Тина Божикова, ракотворец од Велес.

Во третата точка „Организација на јавни настани“ беа реализирани активности со средношколци по повод 8 Март и ангажирање на водител за јавното извлекување за повиците за субвенции за физички лица. Неколку од организираните настани беа организирани заедно со одделението за јавни дејности поради што дел од направените трошоци беа покриени од програмите во рамки на тоа одделение.

За точката 4 „ Организирани работни посети во странство, посети на претставници од Општина Велес на збратимени градови и градови пријатели на Велес“ и точка 5 „ Објавување соопштенија за јавност,известувања и изработка на аудио и видео материјали за промотивни цели“ немаше потреба во текот на годината поради што со измена беа скратени финансиските средства. Исто така и за точка 6 „Непредвидени средства“ не се појави потреба во текот на 2025 година.

Со оглед на тоа што оваа програма за прв пат беше донесена во 2025 година сметаме дека беше појдовна точка за увидување на потребите во областа на промоцијата, комуникацијата со јавноста и меѓународната соработка, со цел поголема афирмација на Општината.

**W – Противпожарна заштита**

ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕТО И ПРОТИВПОЖАРНАТА ЗАШТИТА ВО 2025 ГОДИНА

Со реализацијата на процесот на децентрализацијата во јули 2005 година и новите надлежности на локалната власт, работата и вработените во Територијалната противпожарна единица станаа дел од администрацијата на Општина Велес.

Територијалната противпожарна единица дејствува на територијата на Општина Велес, но ги покрива и подрачјата на соседните општини Чашка и Градско кои немаат формирано сопствена противпожарна единица.

Со цел за навремено, ефикасно и оранизирано спроведување на активностите од облста на заштитата и спасувањето, Општина Велес, во зависност од потребата соработува со надлежните државни органи и тоа: Дирекција за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, Министерството за одбрана и др.

Во согласност со Законот за пожарникарството („Службен весник на РМ" бр.67/04. 55/13), средствата за плати и надоместоци за плати за вработените во Територијалната противпожарна единица се обезбедуваат од Буџетот на РепубликаСеверна Македонија, додека финансирањето на другите оперативни активности и тековно одржување сесредства од Буџетот на Општина Велес.

Со Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита за 2025 беа планирани 4.670.000,00 денари, од кои:

- за комунални услуги, греење, комуникација и транспорт планирани беа 1.690.000,00
- за поправки и тековно одржување 942.000,00
- ситен инвентар, алат и др материјали за поправка – 1.050.000,000 кои се однесуваат на резервни делови, поправки и сервисирање на возила, сервисирање на ПП апарати и набавка на гуми, облека – униформи и обувки, техничка и заштитна опрема
- за непредвидени трошоци 60.000,00 денари
- расходи за заштита и спасување (средства за опрема на просторните сили за зптита и спасување, надомест на комисија за процена на штети, ревитализација после елементарна непогода)- 550.000,00 ден

Со измената на програмата во месец јули износот на планирани средства се промени на 5.520.000,00 денари. Разликата од 850.000,00 денари, се обезбеди од проширувањето на буџетот на општината. Износот на планирани средствата кои се однесуваат на поправки и тековно одржување се зголеми за 200.000 денари, односно по 100.000,00 денари за резервни делови и поправки и одржување на возила. Износ од 650.000,00 денари беше планиран за набавка на компресор за воздух за дрегери апарати

Со измената на програмата во месец ноември износот на планирани средства се промени, односно претходно планираниот износ за комунални услуги, греење, комуникации и транспорт се намали за вкупно 230.000,00 денари. Износот од 4.552.636.00 кој е испланиран во програмата на ТППЕ за 2025, а кој се однесува на реконструкција на противпожарен дом е обезбеден согласно член 35 став 6 од Законот за извршување на Буџетот на РСМ за 2025 година и член 7 од Програмата за користење на капиталните дотации за финансирање на инвестициони проекти на

општините и општините во Градот Скопје, а во врска со Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локална самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот бр.50-6260/12 од 01.07.2025 година („Службен весник на РСМ бр 135/25“) и Договорот склучен меѓу Министерство за транспорт и Општина Велес чиј предмет на договор е „Реконструкција на противпожарен дом“ и пропратни објекти“.

Реализација на програмата на противпожарната заштита за 2025 година, со последниот ребаланс е следна:

Табела:

| Ред. Бр. | активности | Предвидени средства | Реализирани средства | Процент на реализација |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт** | **1.460.000** | **882.585** | **60,45%** |
| 1.1 | Електрична енергија | 70.000 | 45.857 | |
| 1.2 | Вода , канализација и ѓубретарина | 100.000 | 79.595 | |
| 1.3 | Други комунални услуги | 10.000 | 0 | |
| 1.4 | Течни горива-нафта за греење | 600.000 | 0 | |
| 1.5 | Трошоци за интернет и др. комуникација | 260.000 | 290.207 | |
| 1.6 | Горива и масла | 320.000 | 298.630 | |
| 1.7 | Регистрација на моторни возила | 100.000 | 168.296 | |
| | | | | |
**Бр.97**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за усвојување Извештај за работењето и завршна сметка за 2025 година на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес**

Се објавува Заклучокот за усвојување Извештај за работењето и завршна сметка за 2025 година на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година.

Број 08-1401/32
12.03.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и член 52, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26)

Советот на Општина Велес на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година донесе,

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Извештај за работењето и завршна сметка за 2025 година на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес**

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештај за работењето и завршна сметка за 2025 година на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен Гласник“ на Општина Велес.

Број 09-1413/33
12.03.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.98**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за усвојување Програма за работа со финансиски план на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес за 2026 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување Програма за работа со финансиски план на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес за 2026 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година.

Број 08-1401/33
12.03.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 11 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) и член 52, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26)

Советот на Општина Велес на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година донесе,

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Програма за работа со финансиски план на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес за 2026 година**

1. Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за работа со финансиски план на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес за 2026 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Велес“.

Број 09-1413/34
12.03.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.99**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за симнување на точка од дневен ред Предлог-решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес за 2026 година**

Се објавува Заклучокот за симнување на точка од дневен ред Предлог-решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес за 2026 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година.

Број 08-1401/34
12.03.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр. 01/26),

Советот на Општина Велес на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за симнување на точка од дневен ред Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес за 2026 година**

1. Точката, Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес за 2026 година, поставена на 9-та седница на Советот на Општина Велес, по предлог на предлагачот се симна од Дневниот ред.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-1413/35
12.03.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.100**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за усвојување програма за работа и развој и Финансиски план на ЈКП „Дервен“ – Велес за 2026 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување програма за работа и развој и Финансиски план на ЈКП „Дервен“ – Велес за 2026 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година.

Број 08-1401/35
12.03.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 11 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) и член 52, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26)

Советот на Општина Велес на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година донесе,

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Програма за работа и развој и Финансиски план на ЈКП „Дервен“ – Велес за 2026 година**

1. Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за работа и развој и Финансиски план на ЈКП „Дервен“ – Велес за 2026 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Велес“.

Број 09-1413/36
12.03.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.101**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за усвојување Годишен извештај за реализација на Оперативна програма за одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Велес за 2025 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување Годишен извештај за реализација на Оперативна програма за одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Велес за 2025 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година.

Број 08-1401/36
12.03.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Годишен извештај за реализација на Оперативна програма за одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Велес за 2025 година**

1.Советот на Општина Велес го усвои Годишен извештај за реализација на Оперативна програма за одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Велес за 2025 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-1413/37
12.03.2026 година
В е л е с

**Бр.102**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за усвојување Годишен извештај за реализација на Оперативна програма за реконструкција и подигање на нови зелени површини на територијата на Општина Велес во 2025 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување Годишен извештај за реализација на Оперативна програма за реконструкција и подигање на нови зелени површини на територијата на Општина Велес во 2025 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година.

Број 08-1401/37
12.03.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Годишен извештај за реализација на Оперативна програма за реконструкција и подигање на нови зелени површини на територијата на Општина Велес во 2025 година**

1.Советот на Општина Велес го усвои Годишен извештај за реализација на Оперативна програма за реконструкција и подигање на нови зелени површини на територијата на Општина Велес во 2025 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-1413/38
12.03.2026 година
В е л е с

**Бр.103**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за усвојување Годишен извештај за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота на територија на Општина Велес за 2025 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување Годишен извештај за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота на територија на Општина Велес за 2025 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година.

Број 08-1401/38
12.03.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Годишен извештај за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота на територија на Општина Велес за 2025 година**

1.Советот на Општина Велес го усвои Годишниот извештај за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота на територија на Општина Велес за 2025 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-1413/39
12.03.2026 година
В е л е с

**Бр.104**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за давање согласност на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на бруто платите на вработените во ЈКП „Дервен“ – Велес за 2026 година со статус на јавни службеници**

Се објавува Решението за давање согласност на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на бруто платите на вработените во ЈКП „Дервен“ – Велес за 2026 година со статус на јавни службеници, што Советот на Општина Велес го донесе на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година.

Број 08-1401/39
12.03.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 01/26),

Советот на Општина Велес на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на бруто платите на вработените во ЈКП „Дервен“ Велес за 2026 година со статус на јавни службеници**

1.Со ова Решение се дава согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на бруто платите на вработените во ЈКП „Дервен“ Велес за 2026 година со статус на јавни службеници, со арх.бр.02-419/9 од 02.03.2026 година.

2.Согласно Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на бруто платите на вработените во ЈКП „Дервен“ Велес за 2026 година со статус на јавни службеници, изнесува 81,6 денари.

3.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-1413/40
12.03.2026 година
В е л е с

**Бр.105**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за давање согласност на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на бруто платите на вработените во ЈКП „Дервен“ – Велес за 2026 година со статус даватели на јавна услуга и помошно технички лица**

Се објавува Решението за давање согласност на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на бруто платите на вработените во ЈКП „Дервен“ – Велес за 2026 година со статус даватели на јавна услуга и помошно технички лица, што Советот на Општина Велес го донесе на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година.

Број 08-1401/40
12.03.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 01/26),

Советот на Општина Велес на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на бруто платите на вработените во ЈКП „Дервен“ Велес за 2026 година со статус даватели на јавна услуга и помошно технички лица**

1.Со ова Решение се дава согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на бруто платите на вработените во ЈКП „Дервен“ Велес за 2026 година со статус даватели на јавна услуга и помошно технички лица, со арх.бр.02-419/8 од 02.03.2026 година.

2.Согласно Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на бруто платите на вработените во ЈКП „Дервен“ Велес за 2026 година со статус даватели на јавна услуга и помошно технички лица, изнесува 70,44 денари.

3.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-1413/41
12.03.2026 година
В е л е с

**Бр.106**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за сопствено учество и реализација на Проект „Обезбедување на пропусна способност на Отовичка река“**

Се објавува Одлуката за сопствено учество и реализација на Проект „Обезбедување на пропусна способност на Отовичка река“, што Советот на Општина Велес ја донесе на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година.

Број 08-1401/41
12.03.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Закон за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024) и член 52 став (1) од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.1/26), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за сопствено учество и реализација на Проект „Обезбедување на пропусна способност на Отовичка река“**

**Член 1**

Со оваа одлука, Советот на Општина Велес дава согласност за сопствено учество (кофинансирање) и реализација на Проект „Обезбедување на пропусна способност на Отовичка река“ со кој општината ќе аплицира преку Центарот за развој на Вардарски плански регион, за финансиски средства од Програмата за рамномерен регионален развој за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.29/26).

**Член 2**

Вкупната вредност за реализација на проектот од член 1 на оваа одлука, изнесува износ од 5.074.998,00 денари со ДДВ.

Општина Велес ќе учествува со сопствени средства од Буџетот на општината, во висина од 50 % од вкупната вредност на проектот или износ до 2.537.499,00 денари со ДДВ.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-1413/42
12.03.2026 година
В е л е с

**Бр.107**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.661 во КО Сојаклари**

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.661 во КО Сојаклари, што Советот на Општина Велес ја донесе на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година.

Број 08-1401/42
12.03.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 1 став 2 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација(„Службен весник на Република Македонија бр.162/12) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.661 во КО Сојаклари**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот

опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на катастарски парцели во опфат на КО Сојаклари со намена Б1 (мали комерцијални и деловни дејности) во идна урбанистичко планска документација и тоа:

1. КП бр.661 за КО Сојаклари

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-1413/43
12.03.2026 година
В е л е с

**Бр.108**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.12959 и КП бр. 12958 во КО Велес**

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.12959 и КП бр. 12958 во КО Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година.

Број 08-1401/43
12.03.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 1 став 2 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација(„Службен весник на Република Македонија бр.162/12) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.12959 и КП бр. 12958 во КО Велес**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на катастарски парцели во опфат на КО Велес со намена А1 (станбена куќа) во идна урбанистичко планска документација и тоа:

1. КП бр.12959 и КП бр. 12958 за КО Велес

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-1413/44
12.03.2026 година
В е л е с

**Бр.109**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.1618/8 и КП бр. 1618/7 во КО Башино Село**

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.1618/8 и КП бр. 1618/7 во КО Башино Село, што Советот на Општина Велес ја донесе на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година.

Број 08-1401/44
12.03.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 1 став 2 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација(„Службен весник на Република Македонија бр.162/12) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.1618/8 и КП бр. 1618/7 во КО Башино Село**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на катастарски парцели во опфат на КО Башино Село со намена Г2 (лесна и незагадувачка индустрија) во идна урбанистичко планска документација и тоа:

1. КП бр.1618/8 и КП бр. 1618/7 за КО Башино Село

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-1413/45
12.03.2026 година
В е л е с

**Бр.110**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за ставање вон сила на Одлуката за формирање на Општински совет за превенција од малолетничко престапништво на Општина Велес и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Општински совет за превенција од малолетничко престапништво на Општина Велес**

Се објавува Одлуката за ставање вон сила на Одлуката за формирање на Општински совет за превенција од малолетничко престапништво на Општина Велес и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Општински советза превенција од малолетничко престапништво на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година.

Број 08-1401/45
12.03.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 181 од Законот за правда на децата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.66/24 и 55/25) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година,

донесе

**О Д Л У К А**
**за ставање вон сила на Одлуката за формирање на Општински совет за превенција од малолетничко престапништво на Општина Велес и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Општински совет за превенција од малолетничко престапништво на Општина Велес**

**Член 1**

Се ставаат вон сила Одлуката со бр.07-1280/6 од 01.03.2012 година за формирање на Општински совет за превенција од малолетничко престапништво на Општина Велес и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Општински совет за превенција од малолетничко престапништво на Општина Велес со бр.07-2426/4 од 14.03.2014 година

**Член 2**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука престануваат мандатите на членовите на Општинсиот Совет за превенција од малолетничко односно детско престапништво на Општина Велес именувани согласно Одлуките од член 1 на оваа одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-1413/46
12.03.2026 година
В е л е с

**Бр.111**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување Правилник за работа на облиците на месна самоуправа, основани на подрачјето на Општина Велес (урбани/месни заедници)**

Се објавува Заклучокот за донесување Правилник за работа на облиците на месна самоуправа, основани на подрачјето на Општина Велес (урбани/месни заедници), што Советот на Општина Велес го донесе на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година.

Број 08-1401/46
12.03.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Правилник за работа на облиците на месна самоуправа, основани на подрачјето на Општина Велес (урбани/месни заедници)**

1.Советот на Општина Велес го донесе Правилникот за работа на облиците на месна самоуправа, основани на подрачјето на Општина Велес (урбани/месни заедници).

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-1413/47
12.03.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 72, член 82 и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26), по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 9 -та седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за работа на облиците на месна самоуправа, основани на подрачјето на Општина Велес (урбани/месни заедници)**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува работата на облиците на месна самоуправа, основани на подрачјето на Општина Велес, која подразбира: определување на надлежностите на урбаната/месната заедница, организирањето, финансирањето, соработката помеѓу облиците на месната самоуправа со општината, информирањето на граѓаните во заедницата, надзорот и други прашања од значење за работата на урбаната/месната заедница.

**Член 2**

Подрачјето за кое се основаат урбаните заедници се границите на урбаните единици според урбанистичкиот план на градот.

Подрачјето за кое се основаат месните заедници се границите на катастарските општини на населените места, како и одредени населени места кои претставуваат целина.

Со Одлуката за определување на опфатот на постојните урбани заедници во градот и месните заедници во населените места со бр.0701-920/5 од 23.05.2005 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.04/05) се утврдени имињата на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Велес.

**Член 3**

Урбаните и месните заедници се облик на месна самоуправа во рамките на правата и обврските утврдени со закон, статутот на Општина Велес и овој Правилник.

**Член 4**

Граѓаните во Општината ги основаат урбаните и месните заедници заради остварување на уставното право на месна самоуправа, облик на изразување на нивниот заеднички интерес и заради придонес за решавање на нивните секојдневни потреби во непосредна околина на подрачје за кое тие се основани во соработка со општината.

**Член 5**

Облиците на месната самоуправа меѓусебно соработуваат во рамките на општината како и со урбаните и месните заедници од други општини во Републиката.

Облиците на месната самоуправа можат да здружуваат средства заради остварување на заедничките интереси врз основа на Одлука донесена од Советите на сите инволвирани општини.

## II. НАЧИН НА ОСНОВАЊЕ ОБЛИЦИ НА МЕСНА САМОУПРАВА

**Член 6**

Иницијатива за основање облици на месна самоуправа можат да покренат граѓаните, жители на подрачјето за кое има интерес за основање на облик на месна самоуправа.

**Член 7**

Иницијативата за основање содржи: подносител, опис на подрачјето за кое се бара основање на обликот на месна самоуправа, образложение на потребите за основање и потпис на заинтересираните граѓани.

Иницијативата за основање се доставува до Советот на Општината кој ја разгледува и оценува дали се исполнети условите и основани потребите за основање на облик на месна самоуправа.

**Член 8**

Одлуката за основање на облик на месна самоуправа се донесува на Собир на граѓани од соодветното подрачје по пат на јавно гласање со мнозинство гласови од присутните граѓани.

Собирот на граѓани од претходниот став на овој член го свикува Градоначалникот на Општината, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на одлуката.

## III. НАДЛЕЖНОСТ, СОБИР НА ГРАЃАНИ, ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ И РАБОТА НА ОБЛИЦИТЕ НА МЕСНАТА САМОУПРАВА

### а) Надлежност

**Член 9**

Граѓаните преку облиците на месната самоуправа, во согласност со овој Статут и одлуките за основање се грижат за:

-решавање на прашања од комунална инфрастуктура за соодветното подрачје;

-одржување на објекти од јавен интерес (водоводи, улици, културни домови, спортски објекти и др.);

-заштита на животната средина и природата;

-уредување и одржување на гробиштата во селските населби;

-покренување иницијатива за уредување на просторот;

-организирање културни, спортски, забавни и други манифестации и

-други работи од непосредно секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

Советот на облиците на месната самоуправа дава иницијатива и предлози до надлежните органи на Општината, за прашања од областа на образованието, здравствената заштита, социјалната заштита и други прашања од интерес на граѓаните.

**Член 10**

Граѓаните во урбаната/месната заедница своите права и должности ги остваруваат со непосредно одлучување преку: организирање на Собир на граѓани, со формирање на Совет, специјализирани собири, анкетирање и други облици на лично изјаснување.

За формирање на Совет одлучуваат граѓаните со живеалиште на подрачјето на урбаната/месната заедница.

Во населено место во кое не се формира Совет, работите се вршат преку Собир на граѓани.

**б) Собир на граѓани**

**Член 11**

(1) Собир на граѓани може да се свика за подрачјето на целата општина или за подрачјето на месната самоуправа.

(2) Собирот на граѓани го свикува градоначалникот на општината по сопствена иницијатива, на барање на советот или на барање од најмалку 10% од избирачите на општината, односно на месната самоуправа на која се однесува определеното прашање.

(3) Органите на општината се должни во рок од 90 дена да ги разгледаат заклучоците донесени на собирот на граѓаните и да ги земат предвид при одлучувањето и донесувањето мерки по прашањата на кои се однесуваат, како и да ги информираат граѓаните за своите одлуки.

**Член 12**

Собирот на граѓани (во натамошниот текст: Собир) го сочинуваат сите полнолетни граѓани со живеалиште на подрачјето на урбаната/месната заедница.

Собирот се свикува, со писмени известувања, на официјалната страна на Општината или на друг погоден начин.

**Член 13**

На Собирот се разгледуваат и се усогласуваат ставовите по прашања од надлежност на урбаната/месната заедница, се покренуваат иницијативи и се одлучува за прашања од заеднички интерес на жителите.

**Член 14**

На Собир, граѓаните на урбаната/месната заедница:

покренуваат иницијатива до општината за распишување на референдум;

одлучуваат за формирање Совет и избор на членови на Советот;

расправаат и решаваат за други работи утврдени со закон, Статут на Општината и други прописи на општината;

разгледуваат проекти од интерес за урбаната/месната заедница.

**Член 15**

На Собирот во одлучувањето учествуваат полнолетните граѓани, а одлуки се донесуваат со мнозинство гласови од присутните.

За работата на собирот се води записник.

**Собир во населени места во кои не се формира Совет**

**Член 16**

Собирот во населеното место во кое не се формира Совет, на првото свикување избира претседавач на Собирот чиј мандат трае до завршување на Собирот.

**Член 17**

Собирот во населеното место во кои не е формиран Совет се свикува по иницијатива на 10% од полнолетни жители на месното население.

По поведувањето на иницијативата се известуваат сите на соодветен начин, најдоцна 7 дена од денот на поднесувањето на предлогот од став 1 на овој член.

**Член 18**

Со Собирот во населеното место во кое не се формира Совет, раководи Претседавачот на Собирот.

Претседавачот на Собирот го предлага дневниот ред за работа на Собирот.

Собирот работи по точките од дневниот ред.

По точките од дневниот ред се води расправа.

За работа на Собирот се води записник.

**Собир во урбаната/месната заедница во кои се формира Совет**

**Член 19**

Собирот во урбаната/месната заедница во кои се формира Совет го свикува Советот во стариот состав, најдоцна 30 дена пред истекот на мандатот.

По изминувањето на утврдениот рок од став 1 на овој член, Советот го свикува Градоначалникот на општината.

**Член 20**

Со Собирот во урбаната/месната заедница во кои се формира Совет до избор на претседател раководи избран претседавач од мнозинството присутни на Собирот.

**Член 21**

Претседавачит на Собирот го предлага дневниот ред за работа на Собирот.

Собирот работи по точките од дневниот ред .

**в) Органи на облиците на месната самоуправа**

**Член 22**

Орган на облиците на месна самоуправа е Советот.

Советот го избираат граѓаните на обликот на месната самоуправа на собир на граѓани со јавно гласање, доколку Собирот не одлучи гласањето да биде тајно.

Советот е составен од 3 (три) до 5(пет) члена.

Мандатот на членовите на Советот трае 4 (четири) години.

**Член 23**

Одлука за распишување на избор на членови на Советот донесува Советот во стариот состав, најдоцна 30 дена пред истекот на мандатот.

Ако Одлуката од став 1 на овај член не се донесе во утврдениот рок, Одлука за распишување на избор на членови на Советот, донесува Градоначалникот на Општината во рок од 15 дена по истекот на рокот од став1 на овој член.

Член 24

Предлагање и утврдување на кандидати за членови на Советот се врши на Собир на граѓани, доколку присуствува најмалку 1% од вкупниот број жители на соодветната месна самоуправа.

За утврдени се сметаат кандидати кои добиле мнозинство, односно најголем број гласови од присутните граѓани на Собирот.

**Предлагање, утврдување и избор на членови на Советот**

**Член 25**

Членовите на Советот се избираат на собир на граѓани со јавно гласање, доколку собирот не одлучи гласањето да биде тајно.

**Член 26**

Предлог на кандидат за член на Советот може да поднесе секој полнолетен присутен член на собирот.

Предлозите за кандидат се даваат поединечно и секој има право да предложи само еден кандидат.

Секој предложен кандидат дава согласност за прифаќање на кандидатурата.

**Член 27**

За утврден кандидат се смета кандидатот кој добил мнозинство на гласови од присутните полнолетни граѓани на собирот, жители на урбаната/месната заедница.

Во случај повеќе граѓани да добиле мнозинство гласови се избира според бројот на добиените гласови.

**Член 28**

На собирот на граѓаните може да се предложат, односно утврдат најмногу два пати повеќе кандидати од вкупниот број на членови на Советот.

**Член 29**

Изборот на членовите на Советот се врши со јавно гласање со мнозинство на гласови од присутните полнолетни граѓани на Собирот.

Јавното гласање се спроведува со кревање на рака.

**Член 30**

Членовите на Советот со тајно гласање, се избираат со мнозинство на гласови од присутните полнолетни граѓани на собирот.

Тајното гласање се спроведува со гласачки ливчиња на начин и постапка што обезбедува изјаснувањето на граѓаните да биде непосредно, слободно и тајно, а резултатите да бидат утврдени на транспарентен начин.

Тајното гласање го спроведува Комисија која ја избира собирот и е составена од три члена.

**Член 31**

Ако при гласањето за членови на Советот двајца или повеќе кандидати добијат ист број на гласови и заради тоа не може да се утврди кој од нив добил мандат за член на советот, гласањето се повторува за тие кандидати.

Ако при гласањето за членови на советот не се избере потребниот број на членови на Советот, ќе се спроведе нова постапка за избор на онолку кандидати колку не се избрани.

**Член 32**

Советот од своите членови избира претседател кој го претставува и застапува обликот на месната самоуправа.

Согласно правилата уредени со овој Правилник, Советот на урбаната/месната заедница доставува предлози и барања до органите на Општината непосредно пред изготвување на годишните програми за прашања од секојдневно и непосредно значење за животот и работатат на жителите од подрачјето на месната/урбаната заедница.

**Член 33**

Градоначалникот на Општината, со решение може да делегира вршење на определена работа од непосреден интерес и секојдневно значење за животот и работата на жителите, на претседателот на Советот на обликот на месната самоуправа.

Средствата потребни за извршување на работите, од ставот 1 на овај член се утврдуваат во решението за делегирање на надлежноста.

Со решението се определува органот и начинот на вршење на надзор над извршувањето на работите од ставот 1 на овој член.

**Работа на советот на обликот на месната самоуправа**

**Член 34**

Советот работи на седници.

Седниците на советот ги свикува претседателот на советот по потреба.

Претседателот на советот е должен да свика седница ако тоа го бара мнозинство од вкупниот број на членови од советот.

**Член 35**

Советот работи и одлучува со мнозинство од вкупниот број членови на советот.

**Член 36**

На член на Советот, мандатот може да му престане во следниве случаи:

со оставка,

поради смрт и

со промена на местото на живеење.

Престанокот на мандатот на член на советот, советот го констатира без расправа.

**Член 37**

Во случај на престанок на мандат на член на советот, се спроведуваат дополнителни избори.

**Член 38**

Советот на обликот на месната самоуправа:

Доставува барања до органите на Општината непосредно пред изготвување на годишните програми за прашања од секојдневно и непосредно значење за животот и работатат на жителите од подрачјето на месната/урбаната заедница.

Се грижи за решавање на прашања од комунална инфраструктура за подрачјето на урбаната заедница;

Се грижи за одржувањето на објектите од јавен интерес /водоводи, улици, културни домови, спортски објекти и друго;

Се грижи за заштита на животната средина и природата;

Покренува иницијатива за уредување на просторот;

Организира културни, спортски, забавни и други манифестации и

Изготвува програма за својата работа

Се грижи за други работи од непосредно секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ НА ОБЛИКОТ НА МЕСНАТА САМОУПРАВА

**Член 39**

Работите на урбаната/месната заедница се финансира од:

-средства кои што Општината ќе им ги отстапи на облиците на месна самоуправа согласно со плановите и програмите за нивниот развој;

-средства што граѓаните непосредно ги здружуваат;

-средства што ќе ги издвојат заинтересираните правни и физички лица;

-средства од надомест на услуги и

-подароци и други средства.

## V. ПОДДРШКА НА РАБОТАТА НА УРБАНАТА/МЕСНАТА

**Член 40**

Урбаните/месните заедници работите од своја надлежност ги извршуваат со стручна, техничка и материјална поддршка од општината.

Стручната подршка подразбира подготовка на планови, проекти и други материјали со кои урбаните/месните заедници покренуваат решавање на прашања од интерес на граѓаните на нивното подрачје.

Техничката подршка подразбира составување, обработка и умножување на материјали, употреба на технички средства и помагала за административно работење и комуникација.

Материјалната подршка подразбира обезбедување работни простории и опрема, надоместоци за комунални давачки и материјални средства за набавка на ситен и потрошен материјал.

**Член 41**

Поддршката на работата на урбаните/месните заедници се обезбедува преку административни службеници во општинската администрација задолжени за месната самоуправа.

**Член 42**

За доверените работи од Градоначалникот на претседателот на Советот целосно се обезбедуваат услови за нивно извршување.

За извршување на доверените работи од страна на Градоначалникот на претседателот на урбаните/месните заедници се даваат упатства и насоки.

Вршењето на доверените работи подлежи на надзор и контрола.

Член 43

Општинската администрација ги врши стручните, административно-техничките и сметководствено финансиските работи на обликот на месната самоуправа.

Контрола над трошењето на средствата што ќе бидат пренесени за извршување на делегираните надлежности врши општинската администрација.

Општината води евиденција на облиците на месната самоуправа основани на најзиното подрачје.

Општината е должна да достави извод од евиденцијата на облиците на месната самоуправа по нивното основање, до министерството надлежно за локалната самоуправа.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 44**

Со влегување во сила на овој Правилник, Правилата за работа на урбаната/месната заедница со бр.07-4425/17 од 16.10.2009 година престануваат да важат.

**Член 45**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-1413/47
12.03.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.112**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување Правилник за уредување на начинот на користење и располагање со сали и други објекти сопственост на Општина Велес**

Се објавува Заклучокот за донесување Правилник за уредување на начинот на користење и располагање со сали и други објекти сопственост на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година.

Број 08-1401/47
12.03.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Правилник за уредување на начинот на користење и располагање со сали и други објекти сопственост на Општина Велес**

1.Советот на Општина Велес го донесе Правилникот за уредување на начинот на користење и располагање со сали и други објекти сопственост на Општина Велес.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-1413/48
12.03.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26):

Советот на Општина Велес на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за уредување на начинот на користење и располагање со сали и други објекти сопственост на Општина Велес**

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува начинот на користење и располагање со салите во зградата на општината и други објекти сопственост на Општина Велес (во понатамошниот текст салите/други објекти), како и утврдување на надоместокот за користење на салите.

**Член 2**

Како корисници на салите/други објекти сопственост на Општина Велес, може да се јават физички и правни лица и тоа: Здруженија на граѓани, фондации, други правни субјекти и организации, политички партии, организатори на комерцијални настани, организатори на изложби, промотори на книги, работилници, обуки и слично (во понатомошниот текст-корисници).

**Член 3**

Салите/други објекти сопственост на Општина Велес ќе се даваат на користење на корисници за едукативни и промотивни потреби, при одржување на манифестации и други јавни случувања од типот на семинари, работилници, дебати, обуки, предавања, разни настани, концерти, видео конференции, промоции, јавни дискусии, изложби и слично.

**Член 4**

Салите/други објекти се издаваат на користење врз основа на барање–пропишан образец.

Во барањето се наведува потребата и намената за која се бара салата односно друг објект, како и терминот на одржување.

Врз основа на барањето се изготвува одобрение за користење на салата односно друг објект.

Барањето се доставува најдоцна 5 дена пред одржување на настанот преку Архивата на Општина Велес.

**Член 5**

Користењето на салите/други објекти сопственост на Општина Велес од страна на корисниците може да се врши во работни и неработни денови по претходно добиено одобрение од сопственкот, со утврден надоместок од 800,00 денари по час.

Основните и средните училишта, други јавни служби основани од општината и државни институции се ослободени од плаќање на надоместок.

**Член 6**

Вкупниот надоместокот за користење на салите, ќе биде утврден во одобрението согласно барањето за временскиот термин на користење.

Во утврдено време за кое се одобрува користење на сала/друг објект сопственост на Општина Велес се засметува и времето за подготовка пред одржување на настанот и активности по завршување на настанот, со време од 30 минути пред започнување и 30 минути по завршување на настанот.

**Член 7**

Корисниците се обврзуваат:
- да се однесуваат кон просторот како добри домаќини;
- да ги почитуваат условите и куќниот ред;
- да ги оставаат салите и други објекти секогаш во исправна и уредна состојба како што се затекнати;
- да платат/санираат штета настаната за време на користење на салите/други објекти.

**Член 8**

Штетата што ќе биде констатирана, ќе биде евидентирана во записник и корисникот кој ја предизвикал ќе биде обврзан истата да ја плати или санира во рок од 5(пет) дена сметано од денот на нејзиното настанување.

**Член 9**

Општината се обврзува да овозможи услови за непречено користење на просторот во определеното време.

**Член 10**

Средствата остварени од давањето на користење на салите/други објекти во сопственост на Општина Велес се приход на Буџетот на Општина Велес.

**Член 11**

Со влегување во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за одредување надомест за користење на сали и др.објекти сопственост на Општина Велес од страна на правни и физички лица за комерцијални услуги со бр.25-1663/12 од 30.03.2018 година.

**Член 12**

Изменување и дополнување на овој правилник ќе се врши на начин како што се донесува.

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-1413/48
12.03.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.113**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за престанок на мандат на членови во Комисијата за доделување Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“**

Се објавува Решението за престанок на мандат на членови во Комисијата за доделување Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“, што Советот на Општина Велес го донесе на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година.

Број 08-1401/48
12.03.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.1/26), член 140 од Деловникот на Советот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.2/26), член 6 и член 7 од Одлуката за востановување на Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“ („Службен гласник на Општина Велес“ бр.3/06, 11/15 и 03/23), на предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 9-тата седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандат на членови во Комисијата за доделување Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“**

1. Со ова Решение се констатира престанок на мандат на членовите на Комисијата за доделување Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“

   - Тони Михајловски, претставник на Општина Велес;
   - Александар Ѓеоргиев, претставник на Општина Велес и
   - Зорица Панчиќ, актер, претставник на НУ театар „Јордан Хаџи Константинов - Џинот“.
2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-1413/49
12.03.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.114**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за именување членови на Комисијата за избор на добитник на Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“**

Се објавува Решението за именување членови на Комисијата за избор на добитник на Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“, што Советот на Општина Велес го донесе на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година.

Број 08-1401/49
12.03.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.1/26), член 140 од Деловникот на Советот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.2/26), член 6 и член 7 од Одлуката за востановување на Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“ („Службен гласник на Општина Велес“ бр.3/06, 11/15 и 03/23), на предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 9-тата седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување членови на Комисијата за избор на добитник на Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“**

1. За членови на Комисијата за избор на добитник на Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“ се именуваат:

- Слободанка Чичевска,претставник на Општина Велес;
- Васил Зафирчев,претставник на Општина Велес и
- Благојчо Стојанов,претставник на НУ театар „Јордан Хаџи Константинов-Џинот“, Велес.

2. Мандатот на членовите на Комисијата трае до доделувањето на наградата.

3. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-1413/50
12.03.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.115**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за престанок на мандат на член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес**

Се објавува Решението за престанок на мандат на член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година.

Број 08-1401/50
12.03.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 18 став 2 и 3 од Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата(„Службен весник на Република Македонија” бр. 66/04, 89/08 и 152/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 103/21) и член 22 став 2 и 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а во согласност со член 7 од Деловникот на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес бр.25-2932/3 од 22.05.2025 година,

Советот на Општина Велес на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандат на член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес**

1.
2. Со ова решение се констатира престанок на мандатот на член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес:

- Слободан Ников,историчар од Општина Велес.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-1413/51
12.03.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.116**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за именување член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес**

Се објавува Решението за именување член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година.

Број 08-1401/51
12.03.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 18 став 2 и 3 од Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата(„Службен весник на Република Македонија” бр. 66/04, 89/08 и 152/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 103/21) и член 22 став 2 и 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а во согласност со член 7 од Деловникот на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес бр.25-2932/3 од 22.05.2025 година,

Советот на Општина Велес на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес**

1.Со ова решение за член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес, се именува:

- Цветанчо Тодоровски,од редот на историчарите.

2.Мандатот на членот трае се додека не биде разрешен од надлежниот орган кој го именувал.

3. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-1413/52
12.03.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.117**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за престанок на мандат на член на Советот за заштита на потрошувачите на Општина Велес**

Се објавува Решението за престанок на мандат на член на Советот за заштита на потрошувачите на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година.

Број 08-1401/52
12.03.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 175 став 3 од Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 236/22, 3/25 и 49/25),член 33,член 34 и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 01/26),

Советот на Општина Велес на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандат на член на Советот за заштита на потрошувачите на Општина Велес**

1. Со ова Решение се констатира престанок на мандат на член на Советот за заштита на потрошувачите на Општина Велес:

- Ленче Панова, претставник на ЈКП „Дервен“ Велес;

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-1413/53
12.03.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.118**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за именување член на Советот за заштита на потрошувачите на Општина Велес**

Се објавува Решението за именување член на Советот за заштита на потрошувачите на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година.

Број 08-1401/53
12.03.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 175 став 3 од Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 236/22, 3/25 и 49/25),член 33,член 34 и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 01/26),

Советот на Општина Велес на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување член на Советот за заштита на потрошувачите на Општина Велес**

1.Со ова Решение за член на Советот за заштита на потрошувачите на Општина Велес, се именува:

- Тоше Илијевски, претставник на ЈКП „Дервен“ Велес;

2. Мандатот на членот на Советот изнесува четири години со право на повторен избор.

3.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-1413/54
12.03.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.119**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за престанок на мандат на членови на Локален Совет за превенција на Општина Велес**

Се објавува Решението за престанок на мандат на членови на Локален Совет за превенција на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година.

Број 08-1401/54
12.03.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 11 став 3 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21, 89/22, 160/25, 258/25 и 15/26) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 01/26),

Советот на Општина Велес на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандат на членови на Локалниот совет за превенција на Општина Велес**

1. Со ова Решение се констатира престанок на мандатот на членови на Локалниот совет за превенција на Општина Велес:

- Марко Колев, градоначалник на Општина Велес;
- Зоран Љутков, претседател на Советот на Општина Велес;
- Весна Атанасовска, член на Советот на Општина Велес;
- Марјанчо Николов, член на Советот на Општина Велес;
- Павлина Најдова, претставник од Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес;
- Славица Темелковски, претставник од Основно јавно обвинителство, Велес;
- Наташа Петрова, претставник на Регионален центар за управување со кризи;
- Лазе Андреев, претставник на Дирекција за заштита и спасување;
- Николче Димовски, претставник од ЈЗУ Здравствен дом, Велес;
- Благој Костов, претставник од ЈУМ Центар за социјална работа;
- Горан Панзов, претставник од МПЦ;

- Орце Николов, претставник од ОО на Црвен крст Велес;
- Димитар Гаврилов, претставник од ЛУ „Народен мјузеј“ Велес;
- Македонка Виларова, претставник од општинска администрација;
- Верица Тодоровска Дацева, претставник од општинска администрација и
- Верољуб Додевски, претставник од МВР, Началник на отсек за превенција.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-1413/55
12.03.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.120**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за именување членови на Локален Совет за превенција на Општина Велес**

Се објавува Решението за именување членови на Локален Совет за превенција на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година.

Број 08-1401/55
12.03.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 11 став 3 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр.114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21, 89/22, 160/25, 258/25 и 15/26) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 01/26),

Советот на Општина Велес на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување членови на Локалниот совет за превенција**

1. Со ова Решение за членови на Локалниот совет за превенција, се именуваат:

- Марко Колев, градоначалник на Општина Велес;
- Даниел Јаневски, претседател на Советот на Општина Велес;
- Милка Панова, член на Советот на Општина Велес;
- Весна Атанасовска,член на Советот на Општина Велес;
- Наташа Брезовска Богоевска, претставник од Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес;
- Гордана Тодорова, претставник од Основно јавно обвинителство, Велес;
- Наташа Петрова, претставник на Регионален центар за управување со кризи;
- Лазе Андреев, претставник на Дирекција за заштита и спасување;
- Родна Јорданова, претставник од ЈЗУ Здравствен дом, Велес;
- Благој Костов, претставник од ЈУМ Центар за социјална работа;
- Борислав Бобевски, претставник од МПЦ;
- Орце Николов, претставник од ОО на Црвен крст Велес;
- Анита Василкова Мидоска, претставник од ЛУ „Народен мјузеј“ Велес;

- Македонка Виларова, претставник од општинска администрација;
- Еленче Тевчева, претставник од општинска администрација и
- Ненад Дејаноски, претставник од МВР, Началник на отсек за превенција.

2.Мандатот на членовите на Локален совет за превенција е четири години.

3.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-1413/56
12.03.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.121**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за престанок на мандат на членови на Комисија за унапредување на правата на пациентите**

Се објавува Решението за престанок на мандат на членови на Комисија за унапредување на правата на пациентите, што Советот на Општина Велес го донесе на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година.

Број 08-1401/56
12.03.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 41 од Законот за заштита на правата на пациентите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/08, 12/09, 53/11, 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 190/19 и 122/21),член 23 став 1 алинеја 10 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 01/26)
и член 115 од Деловникот за работа на Советот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 02/26),

Советот на Општина Велес на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандат на членови на Комисијата за унапредување на правата на пациентите**

1. Со ова Решение се констатира престанок на мандатот на членови на Комисијата за унапредување на правата на пациентите:

- Александар Кукулев, член на Советот на Општина Велес;
- Тодор Јаковлевски, член на Советот на Општина Велес;
- Маргица Урумова, член на Советот на Општина Велес;
- Марина Сиркареска претставник од Здружение на приватни лекари;
- Миланчо Арсовски претставник од Здружение МОБИЛНОСТ;
- Тони Пајдаков претставник од Здружение на слепи лица;
- Татјана Атанасова претставник од ЈЗУ Општа Болница;
- Весна Андова Јовевска претставник од Организација на жени Велес;
- Димче Велев претставник од Здружение на лица со дијабет „Шеќерче – Lollipop“ Велес;
- Орце Николов претставник од Општинска организација на Црвен крст – Велес и

- Далиборка Златева претставник од Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености Велес.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-1413/57
12.03.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.122**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за именување членови на**
**Комисија за унапредување на правата на пациентите**

Се објавува Решението за именување членови на Комисија за унапредување на правата на пациентите, што Советот на Општина Велес го донесе на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година.

Број 08-1401/57
12.03.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 41 од Законот за заштита на правата на пациентите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/08, 12/09, 53/11, 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 190/19 и 122/21), член 23 став 1 алинеја 10 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 01/26) и член 115 од Деловникот за работа на Советот на Општина Велес(„Службен гласник на Општина Велес“ бр. 02/26),

Советот на Општина Велес на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување членови на**
**Комисијата за унапредување на правата на пациентите**

1. Со ова Решение се именуваат членови на Комисијата за унапредување на правата на пациентите во општината:

- Лилија Чолакова Дервишова, член на Советот на Општина Велес;
- Жарко Манасков, член на Советот на Општина Велес;
- Димче Ацков, член на Советот на Општина Велес;
- Дејан Ристов, претставник од Здружение на активни граѓани „АКТИВО“ Велес;
- Лидија Димкова, претставник од Фондација „Фокус“ Велес;
- Македонка Давчева, претставник од Здружение за помош и поддршка на пациенти кои се лекуваат од карцином Љубов сме – Јеми Дашури, Велес;
- Силвија Богоевска, претставник од ЈЗУ Општа Болница;
- Наталија Петковска, претставник од ЈЗУ Центар за јавно здравје;
- Александра Миклош, претставник од Организација на жени Велес;

- Димче Велев, претставник од Здружение на лица со дијабет „Шеќерче – Lollipop“ Велес

и

- Далиборка Златева, претставник од Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености Велес.

2.Мандатот на членовите на Комисијата изнесува две години со право на уште еден последователен избор.

3.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-1413/58
12.03.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.123**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за престанок на мандат на членови на Управен одбор на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес, претставници на Општина Велес**

Се објавува Решението за престанок на мандат на членови на Управен одбор на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес, претставници на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година.

Број 08-1401/58
12.03.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 114 став 8 и член 115 став 1 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 01/26),

Советот на Општина Велес на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандат на членови на Управен одбор на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес, претставници на Општина Велес**

1. Со ова Решение се констатира престанок на мандатот на членови на Управен одбор на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес, претставници на Општина Велес:
- Љубинка Тевчева и
- Мери Перкова.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањe, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-1413/59
12.03.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.124**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за именување членови на Управен одбор на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес, претставници на Општина Велес**

Се објавува Решението за именување членови на Управен одбор на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес, претставници на Општина Велес, претставници на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година.

Број 08-1401/59
12.03.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 114 став 8 и член 115 став 1 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 01/26),

Советот на Општина Велес на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување членови на Управен одбор на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес, претставници на Општина Велес**

1. За членови на Управен одбор на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес, претставници на Општина Велес, се именуваат:
- Љубинка Тевчева и
- Мери Перкова.

2. Членовите на управниот одбор се именуваат за период од четири години.

3. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-1413/60
12.03.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.125**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за престанок на мандат на членови на Управен одбор на Локалната установа „Народен музеј“ Велес**

Се објавува Решението за престанок на мандат на членови на Управен одбор на Локалната установа „Народен музеј“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година.

Број 08-1401/60
12.03.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 12 став 2 од Законот за музеите („Службен весник на Република Македонија” бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 103/21 и 3/25) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 01/26),

Советот на Општина Велес на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандат на членови на Управен одбор на Локална Установа ,,Народен музеј” Велес**

1. Со ова Решение се констатира престанок на мандат на членови на Управен одбор во Локална Установа ,,Народен музеј” Велес:

- Васе Крстиќ;
- Весна Стефановска;
- Марија Атанасовска и
- Елица Николова.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-1413/61
12.03.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.126**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за именување членови на Управен одбор на Локалната установа „Народен музеј“ Велес**

Се објавува Решението за именување членови на Управен одбор на Локалната установа „Народен музеј“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година.

Број 08-1401/61
12.03.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24),член 12 став 2 од Законот за музеите („Службен весник на Република Македонија” бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 103/21 и 3/25) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 01/26),

Советот на Општина Велес на 9-та седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување членови на Управен одбор на Локална Установа „Народен музеј” Велес**

1. Со ова Решение за членови на Управен одбор во Локална Установа „Народен музеј” Велес, се именуваат:
- Лидија Ѓорѓиевска;
- Марија Атанасовска;
- Васе Крстиќ и
- Весна Стефановска.

2.Мандатот на членовите на Управен одбор е четири години со право на повторен избор.
3. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-1413/62
12.03.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.